# ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА
НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Za* ***Република*** *Makedonija*

- ***Територија:*** ***25.713 m2***
- ***Население:*** ***2,05 милиони***
- ***Главен град:*** ***Скопје***
- ***БДП/2013*** ***3931/ Евра по жител***





# *... и Македонските МСП*

*Број на вработени според големеината на претепријатијата**




*Извор: Централен Регистер на РМ (Опсерваторија за МСП 2013)

## *Структура на активните претпријатија според сектори*

| СЕКТОР | % | Број на активни препријатија | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| A – Земјоделство, шумарство и рибарство | 4.0 | 2 831 | 33 | 2 |
| B – Рударство и вадење на камен | 0.2 | 156 | 4 | 4 |
| C – Преработувачка индустрија | 11.1 | 7 509 | 347 | 62 |
| D – Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0.2 | 122 | 7 | 3 |
| E – Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0.4 | 270 | 27 | 9 |
| F – Градежништво | 6.1 | 4 239 | 78 | 5 |
| G – Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 35.7 | 25 299 | 115 | 15 |
| H – Транспорт и складирање | 8.5 | 6 044 | 44 | 7 |
| I - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 6.3 | 4 458 | 23 | 1 |
| J – Информации и комуникации | 2.0 | 1 414 | 25 | 7 |
| K – Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0.5 | 361 | 17 | 12 |
| L – Дејности во врска со недвижен имот | 0.7 | 479 | 5 | 1 |
| M – Стручни, научни и технички дејности | 8.2 | 5 801 | 14 | 2 |
| N – Административни и помошни услужни дејности | 2.1 | 1 472 | 25 | 17 |
| O – Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 0.4 | 150 | 77 | 31 |
| P - Образование | 1.4 | 724 | 296 | 5 |
| Q – Дејности на здравствена и социјална заштита | 4.7 | 3 177 | 116 | 22 |
| R - Уметност, забава и рекреација | 1.7 | 1 141 | 34 | 4 |
| S – Други услужни активности | 5.8 | 4 143 | 4 | 0 |
| T – Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | - | - | - | - |
| **Вкупно**: | **100** | **69 790** | **1231** | **209** |

*Извор: Централен Регистер на РМ

# за Агенцијата ....

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ) е државна институција основана со цел спроведување на Владините политики за малите и средни претпријатија и други сродни проекти / програми донесени од страна на Владата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста.

Агенцијата го поддржува одржливиот економски развој, регионалниот развој и зголемувањето на вработеноста, поддршката на македонските претпријатија за започнување нов бизнис, нивниот раст и развој и постигнување на технолошко ниво за покомпетентен настап на меѓународниот пазар.

Агенцијата, имајќи ја улогата на посредник помеѓу креаторите на политиките и малите и средни претпријатија, одржува блиска партнерска соработка и постојана комуникација со сите институции кои се занимаваат со промоција на претприемништвото и поддршката МСП:

- *Фондации за поддршка на МСП и претприемништвото (регионални центри за поддршка на МСП ЕСА агенции)*
- *ЛЕР центри*
- *Кластери*
- *Претприемачки инкубатори*
- *Приватни консултанти*
- *Други субјекти (универзитети, министерства, НВО, стопански комори и други здруженија на мали и средни претпријатија, банки и сл.*




## *Нашата таргет група...*

- *Микро, мали и средни претпријатија*
- *Претприемачи - индивидуалци*
- *Занатчии*
- *Други даватактели на услуги*

## *Нашите извори за финасирање...*

- *Трансфери од Буџетот на РМ,*
- *Приходи од реализирани активности;*
- *Донации;*
- *Други извори за финасирање, согласно Законот*

## *Нашето поле на работа…*

- Имплементација на Владината програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП

- Поддршка и промоција на институционалната мрежа за развој на МСП

- Субвенционирање на консултантски услуги за МСП

- Учество во реализацијата на донаторски и други ЕУ проекти кои обезбедуваат деловна соработка, партнерства и ја зголемуваат интернационализацијата на македонските МСП

- Поддршка за зголемена иновативност и трансфер на технологија кај МСП

- Одржување и редовно ажурирање на деловна база на податоци за МСП, како и дисеминација на инфо-пакети наменети за МСП

- Други активности поврзани со засилувањето на претприемачкиот дух и конкурентноста на МСП

# *Годишна оперативна програма – 2015*

1. Имплементација на програмата Ваучерско советување – субвенционирани консултантски услуги за МСП
2. Инфо Пулт – информативни услуги за МСП, активност која се релизира во соработка со регионалните центри за поддршка на МСП
3. Претприемачко образование – промоција и зголемување на свесноста на младите луѓе за претприемништвото
4. Организација на обуки наменети за зголемување на кокурентноста на МСП
5. Организација на натпревари за изработка на најдобар Бизнис план, наменет за потенцијални претприемачи
6. Европска неделе на претприемништвото – доделување на Годишна награда за претприемништво
7. Поддршка на Менторството помеѓу претприемачи-сениори и старт-ап компании
8. Организација на обуки за локалните консултанти и МСП
9. Поддршка за женското претприемништво
10. Обсерваторија за МСП – подготовка на годишен извештај за состојбата на МСП
11. Огранизација на обуки за наставници и професори - едукатори по претприемништво
12. Организација на обуки за студенти - подготовка на апликација за работа
13. Кофинасирање и учество во имплементацијата на развојни проекти за МСП, финансиски поддржани од странски донаторски организации

# *Реализирани донаторски проекти*

- ***Промовирање на одржливи вработувања*** *и поддршка на Владата на РМ во имплементација на Оперативниот план на активни мерки за вработување – 2015*

- ***DOCSMES*** *– регионални докторски студии по претприемништво и менеџмент во земјите на западен Балкан – Програма TEMPUS IV, 2010-2014*

- ***FINNO****- Механизам за поттикнување на иновативноста во ЈИЕ - IPA Проект (Транснационална програма на ЕУ за ЈИЕ), 2011-2014*

- ***VIBE*** *- Venture Иницијатива на Балканот, IPA Проект (Транснационална програма на ЕУ за ЈИЕ), 2013-2014*

- ***NEW MENTOR*** *– Европска мрежа на ментори за жени претприемачи – Програма CIP, 2011-2013*

- ***EIICM*** *– Европски Иинформативен и иновативен центар во Македононија – Програма CIP, 2008-2013*

- ***INTERVALUE*** *– Меѓу регионална соработка за валоризирање на резултатите од истражувачките и развојни активности (Транснационална програма на ЕУ за ЈИЕ), 2010-2012*

- ***Градење на капацитетите за создавање на економија базирана на знаење,*** Проект поддржан од страна на Австриската Агенција за развој, *2007 – 2012*
- ***Подобрување на продукивноста на македонските МСП*** *– проект поддржан од страна на JICA, Јапонија, 2009-2010*
- ***SECI*** *– Јакнење на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста, Проект финасиски поддржан од страна на Британската Влада, 2007 - 2009*
- ***Трансфер на технологија****, Проект финасиски поддржан од страна на GTZ TT, 2006*

# ***Контакт***


- ***Adresa:***

  **АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**

  **НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИОЈА**

  Кеј Димитар Влахов бр. 4, П.фах 657
  1000  Скопје, Република Македонија

- ***e-mail:***

  apprm@apprm.gov.mk

- ***Телефон:***

  + (389)  2  3120 132

- ***Факс:***

  + (389)  2  3135 494